Врз основа на член 57, став 1, алинеја 7 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, бр. 103/2008, бр. 26/2009, 83/2009 и бр. 99/2009) и член 80 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на универзитетски студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 150/2010), Ректорската управа на 146. седница одржана на 18.11.2010 година, го донесе следниов

# П Р А В И Л Н И К
# за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус на студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## Член 1

Со овој Правилник се уредуваат износите на трошоците за студирање на третиот циклус на студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: докторски студии) и се утврдува нивната распределба.

Износот на трошоците за студирање (во натамошниот текст: износ на трошоци) начинот и роковите на уплата се составен дел на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## Член 2

Износот на трошоците се искажува во евра, а се плаќа во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија што важи на денот на плаќањето, за:

- ментор (и коментор) — од 500 до 1.500 евра
- комисија за оцена на темата — 250 евра
- комисија за оцена на дисертацијата — 300 евра
- комисија за одбрана на дисертацијата — 200 евра
- раководител на студиската програма — од 100 до 300 евра
- школа за докторски студии — 250 евра
    - за работата на Стручниот совет за докторски студии
    - за материјални трошоци
    - за Централната стручна и администативна служба
- факултет/научен институт организатор на истражувањето — од 500 до 1.500 евра
- обука за истражување 1 ЕКТС=15 евра
- едукација организирана од Студиската програма 1 ЕКТС=30 евра

Единицата утврдува посебни износи за истражувањето на кандидатите, зависно од научната област.

Износите од став 1, алинеја 1, алинеја 5, алинеја 7, алинеја 8, алинеја 9 и од став 2 на овој член, ги утврдува Советот на студиската програма.

Вкупниот износ на трошоците, согласно со овој Правилник го утврдува Советот на студиската програма.

Износот за студирање од став 1, алинеја 6 студентите запишани на докторски студии го уплаќаат на сметката на Универзитетот, а останатите износи ги уплаќаат на сметката на единицата (организатор на студиската програма каде се води досието на студентот запишан на докторски студии).

**Член 3**

Единицата од член 2, став 4 врши распределба на средствата за плаќање во согласност со одредбите од овој Правилник.

**Член 4**

Единицата од член 3, според износите утврдени во член 2 на овој Правилник, врши соодветна исплата на лицата ангажирани на студиската програма.

**Член 5**

Единицата каде што се води досието на студентот запишан на докторски студии е должна да води книговодствена евиденција на уплатите, за секој кандидат посебно.

По завршувањето на докторските студии, единицата е должна да поднесе финансиски извештај кој го одобрува деканатската управа.

Консолидираниот финансиски извештај на Школата за докторски студии го одобрува Ректорската управа.

**Член 6**

Овој Правилник стапува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Р е к т о р**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**